# КАДЕ СЕ ЧУЛО ВИДЕЛО МОМА ВОЈВОДА ДА БИДЕ




I

Каде се чуло-видело мома војвода да биде
на триста души комити?

II

Мома на дружина говори: „Спремај те пинци,
ремења, ај на пушките кремења.

III

Утре ќе ојме в планина, на широката падина,
таму ќе нишан правиме.

IV

Кој ќе ми нишан погоди, тој ќе ни биде
војвода на триста души комити."

V

Редум комити фрлаа, никој ми нишан не удри,
момето фрли, погоди.

Димчевски, Ѓорѓи, Седенка се збира, Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986